Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 125/0306
29.03 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 март 2019 година, врз основа на примена жалба од Златко Тодоров, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет порталот „ДоказМ.мк“, со текстовите насловени „Се дигна гласот против градежната мафија, оштетените апелираат, помогнете ни, се раѓа нов Фиком“ и „Кој е Златко Тодоров - Кубус???“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 12, 13 и 15.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 5 март 2019 година, Златко Тодоров поднесе жалба за текстовите со наслов „Се дигна гласот против градежната мафија, оштетените апелираат, помогнете ни, се раѓа нов Фиком" и „Кој е Златко Тодоров – Кубус???", објавени на 4 март и на 6 март 2019 година, на интернет порталот „ДоказМ.мк" (www.dokazmakedonija.mk).

Во жалбата се наведува текстот содржи говор на омраза, дискриминација, неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, нарушување на приватноста, навреда, клевета и нарушување на правото за презумпцијата на невиност и заштита на сведоци.

Во поднесената претставка, Златко Тодоров, посочува дека двата текста се необјективни и пристрасни и оти содржат написи со апсолутно искривена вистина.

*„Претставувањето на мене, Златко Тодоров, во овие медиуми е сè, само не етичко. За тоа е побарана и правна заштита. Ве повикувам да ја проверите веродостојноста на тврдењата, посочени од непознатиот автор, кој во својот текст, посочува дека се измамени стотици станари и се друго, кое се набројува. Како посебно загриживачки за мене е повикот за линч, со ставен крст покрај моето име, покрај името на мојата фирма"*, се вели жалбата.

Тодоров, меѓу другото, додава дека текстовите, кои биле поддржани од лажни профили се пријавени во Одделението за следење на компјутерски криминал при МВР.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет порталот „ДоказМ.мк" и побара медиумот да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од интернет порталот одговорија на наводите на жалителот.

Посочија дека текстот во целост бил преземен од интернет порталот „Мактел" и дека не е нивно авторско дело. Од „ДоказМ.мк", меѓу другото, наведуваат и дека за сите тврдења во текстот, како сведок, застанала бизнисменката Кираца Трајковска.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА.** Комисијата едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1, а со мнозинство гласови и членовите 12, 13 и 15.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање, што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 12: „****Плагијатортвото е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 15***: *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 25 март, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека се работи за текстови ставени во рубриката колумни на порталот „ДоказМ.мк“ и дека истите немаат автор, што е целосно спротивно со начелата на овој новинарски жанр. Медиумот пренесува два текста, кои повеќе имаат форма на истражувачка сторија за наводен криминал во градежниот сектор, во која предмет на сомнежи и обвинувања е подносителот на двете жалби, бизнисменот Златко Тодоров.

Комисијата се согласи дека текстовите произлегуваат од јавниот интерес и обработуваат тема за која јавноста треба да биде информирана, но, во исто време, Комисијата се согласи и дека авторот, под превезот „анонимен“, повикувајќи се на документи и наводни сведоштва на оштетени граѓани, сепак не обезбедил потполна информација за ги поткрепи своите

тврдења, кои во голем дел, се засноваат на паушални сомнежи, обвинувања и критики на Тодоров. И покрај тоа што новинарот ги презел текстовите од друг интернет портал, тој морал ваквите информации дека ги прими со резерва, без да носи готови заклучоци и судови, како што, особено е нагласено во следниот дел од текстот:

***„Она што го дознаваме не запрепасти, човекот речиси 30 години буквално пљачка низ државата, измамува купувачи на станови, бизнис партнери, добавувачи, банки и бизнисмени, кои паѓаат на неговиот шарм и харизма и вештина да лаже и кажува приказни“.***

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен членот 1 од Кодексот на новинарите, според кој, точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. но со јасна назнака дека станува збор за непотврдена информација. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори.

Комисијата се согласи дека авторот користи сомнителни извори на информации, кои неретко се сведуваат на тврдења од типот: „дознаваме“, „сите оштетени“, „дел од оштетените“, „замислете, тие што ги има измамено...“, без притоа, да наведе конкретни имиња, веродостојни документи или автентични сведоштва. (со исклучок на бизнисменката Кираца Трајковска, која само е спомената во текстот, а не е наведено дека е контактирана).

Понатаму, Комисијата најде и дека во оспорените текстови, „ДоказМ.мк“ презел голем дел од текстовите од друг медиум, во случајов, од интернет порталот „Мактел“ (www.maktel.mk), без воопшто да го наведе тоа. Комисијата се согласи дека се работи за нефер однос и очигледен обид да се „присвои“ туѓа содржина и да се претстави како своја. Согласно тоа, Комисијата утврди дека интернет порталот „ДоказМ.мк“ го прекршил и членот 12 од Кодексот на новинарите, според кој, плагијатортвото е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно станува збор за плагијатор, а не за новинар.

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк, во случај, кога се објавува целосно преземена содржина.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстовите авторот неретко се јавува во улога на коментатор и не прави суштинска разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Ваквата отстапка особено се издвојува во следните делови на двата текста:

***„Ние лично, сме на страната дека се работи за измамник. Овој случај со оштетената Димитриевиќ, која платила 90.000 евра, а останала и без стан и без пари, а наводно тој и плаќал сметки и храна сите овие години, не наведува на тоа дека сепак, Златко е безмилосен измамник, кој својата неспособност ја маскира со некаква жртва од некаква измама“.***

***„Глумејќи жртва во прилог му иде дека му беше запален џипот или сам си го запалил, кој да знае, ама му е адут во рацете дека ете, некој сака да го утепа на сред Скопје“.***

Новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката.

Членовите на Комисијата, на крајот, се согласија и дека во двата текста, особено во првиот, доминираат навредливи и непримерни коментари, кои на моменти се граничат и со говор на омраза. Ова особено ако се земат предвид и објавените вознемирувачки фотографии, на кои е нацртан крст покрај името на жалителот, случај кој самиот Тодоров го доживува како повик на линч. Оттука, Комисијата утврди дека во оспорените текстови е прекршен и членот 15 од Кодексот на новинарите, чие отстапување, е изразено во еден од поднасловите и во следната реченица:

***„Тотален монструм!!!“***

***„Сите приказни цртаат една слика на еден бесчуствителен измамник психопат, кој нема жал и совест за измамените луѓе, кои ги има оставено и без пари и без станови на улица“.***

Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Лилјана Пецова - Илиеска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „ДоказМ.мк" (www.dokazmakedonija.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595